# Претплатнички договор

**Верзија:** 1.0
Датум: 16.06.2003

**КИБС АД Скопје**
© 2003 КИБС АД Скопје, сите права задржани
http://ca.kibs.com.mk

# Содржина


1. Дефиниции ... 3
2. Овластување за користење на дигитален сертификат ... 4
2.1 Дозвола за овластување ... 4
3. Ограничување на овластувањето ... 4
4. Услуги понудени од КИБС ... 4
4.1 Достапност на ЛПС ... 4
4.2 Услуга за проверка на статусот на сертификатот ... 4
4.3 Поништување на дигитални сертификати ... 5
5. Обврски на Претплатникот ... 5
5.1 Информации за идентификација на корисникот ... 5
5.2 Компромитиран дигитален сертификат ... 5
5.3 Дозвола за објавување на информација ... 6
5.4 Известување за грешка ... 6
6. ОТКАЖУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И НА ОГРАНИЧЕНАТА ОДГОВОРНОСТ ... 6
7. Траење и престанок ... 6
8. Ефект на престанок ... 7
9. Надлежни закони ... 7
10. Ефект на поврзливост ... 7
11. Раскинување ... 7
12. Севкупност на Договорот ... 7
13. Забелешки ... 8
14. Трговски имиња, лого-а ... 8

# Претплатнички договор

**ВЕ МОЛИМЕ ВНИМАТЕЛНО ДА ГО ПРОЧИТАТЕ ОВОЈ ДОГОВОР И ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА ИЗДАВАЧОТ НА СЕРТИФИКАТИ, КИБС. СО КОРИСТЕЊЕТО НА ДИГИТАЛНИОТ СЕРТИФИКАТ, ВИЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ СО УСЛОВИТЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР. ЗА БИЛО КОЈА ИНФОРМАЦИЈА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ОВОЈ ДОГОВОР МОЖЕТЕ ДА НЀ КОНТАКТИРАТЕ НА:**
**КИБС АД Скопје,**
**К.Ј. Питу 1, 1000 Скопје, Македонија**
**Телефон: +389 2 3297 444**
**URL: http://ca.kibs.com.mk**
**E-mail: ca-pravila@kibs.com.mk**

Претплатничкиот договор („Договор“) помеѓу КИБС АД Скопје („КИБС“) и лицето („физичко лице“) или деловниот субјект („правно лице“) кое го добива приложениот дигитален сертификат („Претплатник“) стапува во сила со датумот на издавање на приложениот дигитален сертификат („датум на стапување во сила“).

# 1. Дефиниции

**Дигитални сертификати**

Колекција на електронски податоци што се состои од јавен клуч, информации кои го идентификуваат сопственикот на јавниот клуч и информации за важноста, кои се дигитално потпишани од страна на КИБС. Терминот сертифициран ќе се однесува на условите под кои е издаден важечки дигитален сертификат од страна на КИБС, кој сеуште не е поништен.

**Листа на поништени сертификати ("ЛПС")**

Колекција од електронски податоци која содржи информации кои се однесуваат на поништените дигитални сертификати.

**Издавач на сертификати ("ИС")**

КИБС издава дигитални сертификати на корисниците во хиерархијата на дигитални сертификати. Во понатамошниот текст за претплатниците КИБС е издавач на сертификати.

**Приватен клуч**

Математички клуч кој се чува приватно кај сопственикот и се користи за креирање на дигитален потпис или за дешифрирање на електронски податоци.

**Јавен клуч**

Математички клуч кој е јавно достапен и се користи за верифицирање на дигиталниот потпис креиран со соодветниот приватен клуч и за шифрирање на електронски податоци кои можат да бидат декриптирани само со соодветниот приватен клуч.

**Претплатник**

Лице или организација што побарала од издавачот на сертификати КИБС да му издаде дигитален сертификат.

# 2. Овластување за користење на дигитален сертификат

## 2.1 Дозвола за овластување

Почнувајќи од денот на стапувањето во сила, КИБС дава овластување на Претплатникот според правилата поставени во Точка 7 да го користи дигиталниот сертификат на КИБС за да креира дигитален потпис или да го користи дигиталниот сертификат во врска со операции со приватниот или јавниот клуч.

Претплатникот се согласува со условите поставени во овој претплатнички договор и условите од правилата на издавачот на сертификати објавени на http://ca.kibs.com.mk/repository. Термините и условите од правилата на издавачот на сертификати на КИБС се вклучени како референца во овој Договор. Претплатникот се согласува да го користи сертификатот издаден од страна на КИБС само за себе или за својата организација за да врши операции со приватниот и јавниот клуч, како и да го користи сертификатот само во врска со еден сервер.

# 3. Ограничување на овластувањето

Претплатникот може да го користи приложениот дигитален сертификат само во врска со соодветно лиценциран криптографски софтвер.

# 4. Услуги понудени од КИБС

По влегување во сила на овој Договор и по плаќањето на сите трошоци, во согласност со дадената дозвола од Точка 2, КИБС ќе ги обезбеди следните услуги на Претплатникот:

## 4.1 Достапност на ЛПС

Ќе се вложат реални напори, ако е применливо, тековната ЛПС на КИБС да се состави, соедини и електронски да биде достапна до сите издавачи на сертификати и сертифицирани корисници во хиерархијата на КИБС; сепак, нема да се смета дека КИБС ги прекршува своите должности како резултат на доцнење или намалување на перформансите на некој свој дел, што произлегува од испад на било која опрема или прекин на телекомуникациите што се надвор од реалната контрола на КИБС.

## 4.2 Услуга за проверка на статусот на сертификатот

Ќе се вложат реални напори да се доставаат до издавачите на сертификати, сертифицираните корисници и корисниците на дигиталните сертификати, информации кои се однесуваат на статусот на дигиталните сертификати во хиерархијата; сепак, нема да се смета дека КИБС ги прекршува своите должности како резултат на доцнење или намалување на перформансите на некој свој дел што произлегува од

испад на било која опрема или прекин на телекомуникациите што се надвор од реалната контрола на КИБС.

### 4.3 Поништување на дигитални сертификати

По барање на Претплатникот, веднаш се поништува дигиталниот сертификат на Претплатникот. КИБС се сложува дека веднаш по поништувањето на дигиталниот сертификат на Претплатникот, на негово барање, ќе му издаде нов дигитален сертификат по верификацијата и одобрувањето од страна на издавачот на сертификати како и плаќањето од страна на Претплатникот по тогаш важечката цена.

КИБС може да се однесува еднострано за да го поништи сертификатот: ако не се исполнети условите за плаќање, ако Претплатникот пропушти да ги изврши материјалните задолженија предвидени со условите од овој Договор и правилата на издавачот на сертификати на КИБС кои се однесуваат на дигиталниот сертификат.

## 5. Обврски на Претплатникот

### 5.1 Информации за идентификација на корисникот

Ако во било кое време, името на Претплатникот содржано во барањето на дигиталниот сертификат доставено од Претплатникот до КИБС, со цел на добивање на приложениот дигитален сертификат, се промени, Претплатникот веднаш ќе престане да го користи таквиот дигитален сертификат, барајќи КИБС да го поништи таквиот дигитален сертификат.

Ако во било кое време се промени друга битна информација содржана во барањето за дигитален сертификат, вклучувајќи но и не ограничувајќи се на името на организацијата на Претплатникот, истиот мора да побара поништување на дигиталниот сертификат од страна на КИБС.

КИБС се согласува, веднаш по поништувањето на дигиталниот сертификат на Претплатникот, на негово барање, да му издаде нов дигитален сертификат со спроведување на целосен процес за верификација и плаќање од страна на Претплатникот по тогаш важечката цена.

По престанокот на важноста или поништувањето на сертификатот Претплатникот се согласува да престане да го користи и постојано да го отстрани од уредот на кој тој бил инсталиран и да го користи само со цел на информирање и враќање на минати информации.

### 5.2 Компромитиран дигитален сертификат

Ако Претплатникот има било каква причина да верува дека сигурноста на неговиот приватен клуч е компромитирана, истиот веднаш ќе побара КИБС да го поништи неговиот дигитален сертификат, а КИБС веднаш ќе го поништи дигиталниот сертификат на негово барање.

## 5.3 Дозвола за објавување на информација

Претплатникот се согласува дека КИБС може да го публикува серискиот број на неговиот дигитален сертификат во врска со десеминацијата на ЛПС и информацијата за статусот на дигиталниот сертификат во рамките на хиерархијата на сертификатите на КИБС и надвор од неа.

## 5.4 Известување за грешка

Претплатникот се согласува, доколку во рок од 5 дена по приемот на сертификатот констатира грешка во сертификатот, веднаш да го извести КИБС. Во спротивно КИБС верува дека Претплатникот го прифатил сертификатот.

Со прифаќање на сертификатот, Претплатникот ја прифаќа должноста да ја зачува контролата над својот приватен клуч, да користи систем од доверба и да преземе разумни мерки за да го зачува од губење, откривање или неавторизирано користење.

# 6. ОТКАЖУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И НА ОГРАНИЧЕНАТА ОДГОВОРНОСТ

ВО НИТУ ЕДЕН СЛУЧАЈ (ОСВЕН ЗА ФАЛСИФИКАТ ИЛИ ЛОШО УПРАВУВАЊЕ) КИБС НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ЗА КОЈА БИЛО ИНДИРЕКТНА, ИНЦИДЕНТНА ИЛИ ПОСЛЕДИЧНА ШТЕТА, ИЛИ ЗА КАКВА БИЛО ЗАГУБА НА ПРОФИТ, ЗАГУБА НА ПОДАТОЦИ ИЛИ ДРУГИ ИНДИРЕКТНИ, ПОСЛЕДИЧНИ ИЛИ ТЕШКИ ШТЕТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЛИ СЕ ВО ВРСКА СО КОРИСТЕЊЕТО, ИСПОРАКАТА, ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО, ПЕРФОРМАНСИТЕ ИЛИ НЕПЕРФОРМАНСИТЕ НА СЕРТИФИКАТИТЕ, ДИГИТАЛНИТЕ ПОТПИСИ ИЛИ БИЛО КОИ ТРАНСАКЦИИ ИЛИ УСЛУГИ ПОНУДЕНИ ИЛИ НЕПОЧИТУВАНИ ОД СТРАНА НА ПРАВИЛАТА НА ИЗДАВАЧОТ НА СЕРТИФИКАТИ. КИБС НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ВО ОВОЈ СЛУЧАЈ АКО ГРЕШКАТА ВО ВЕРИФИКАЦИЈАТА НА ИНФОРМАЦИЈАТА Е ПОСЛЕДИЦА НА ФАЛСИФИКАТ ИЛИ ЛОШО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПОДНЕСУВАЧОТ НА БАРАЊЕТО. КИБС НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ВО ОВОЈ СЛУЧАЈ ДОКОЛКУ КОРИСНИКОТ НЕ ГИ ЗЕМА ВО ОБЗИР НЕГОВИТЕ НАВЕДЕНИ ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ОВОЈ ДОГОВОР ИЛИ ОД ПРАВИЛАТА ОД ИЗДАВАЧОТ НА СЕРТИФИКАТИ.

БАРАТЕЛОТ СЕ СОГЛАСУВА ДА ДОСТАВУВА САМО ТОЧНИ ИНФОРМАЦИИ. БАРАТЕЛОТ ЌЕ МУ НАДОМЕСТИ ШТЕТА НА КИБС ЗА НЕКОЈА И СИТЕ ШТЕТИ НАСТАНАТИ СО ДОСТАВУВАЊЕ ПОГРЕШНА ИЛИ НЕТОЧНА ИНФОРМАЦИЈА.

# 7. Траење и престанок

Важноста на Договорот ќе престане кога ќе настапи која било од следните ситуации: помине една година од датумот на потпишување или пропуст на Претплатникот да исполни било која материјална обврска согласно Договорот и ако таквата грешка не е поправена во рок од триесет (30) дена од приемот на забелешката од страна на КИБС.

## 8. Ефект на престанок

По престанокот на важноста на овој Договор од која било причина, дигиталниот сертификат на Претплатникот ќе биде поништен од страна на КИБС, во согласност со процедурите на КИБС што се во сила во тој момент. По поништувањето на дигиталниот сертификат, од било која причина, сите овластувања доделени следствено Точка 2 ќе престанат.

## 9. Надлежни закони

Македонскиот правен систем (без оглед на изборот на законските начела) ќе управува со важноста на овој Договор, конструкцијата на неговите услови и интерпретацијата и спроведувањето на правата и должностите на договорните страни.

## 10. Ефект на поврзливост

Ако поинаку не е наведено во текстот, овој Договор ќе биде обврзувачки и ќе има ефект на определените: наследници, извршители на тестамент, законски наследници, претставници, администратори, од страна на договорните страни. Ниту овој Договор ниту дигиталниот сертификат на Претплатникот ќе бидат преносливи од страна на Претплатникот. Било каква смисла на припишување или делегирање ќе биде неважечка и без ефект и ќе му дозволи на КИБС да го поништи овој Договор.

## 11. Раскинување

Ако било која одредба од овој Договор или нејзината употреба поради некоја причина или во некој размер биде неважечка или неспроведлива, остатокот од Договорот и употребата на таквата одредба кон други лица или околности ќе бидат протолкувани на таков начин што најдобро ќе погодува на намерите на договорните страни.

НЕДВОСМИСЛЕНО СЕ ПОДРАЗБИРА И ДОГОВАРА ДЕКА СЕКОЈА ОДРЕДБА ОД ОВОЈ ДОГОВОР КОЈА ПРАВИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА, ОТКАЖУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ИЛИ ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ Е СО НАМЕРА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ ДА БИДЕ РАСКИНЛИВА И НЕЗАВИСНА ОД БИЛО КОЈА ДРУГА ОДРЕДБА И ДА БИДЕ СПРОВЕДЛИВА КАКО ТАКВА.

## 12. Севкупност на Договорот

Овој Договор го сочинува разбирањето и договорот на страните со респект на темата и ги заменува предходните и истовремените договори или разбирања помеѓу страните.

## 13. Забелешки

Ако Претплатникот изрази желба или од него се побара да даде било каква забелешка, барање или молба до КИБС во однос на овој Договор, таквата комуникација ќе биде писмена и ќе биде полноважна само ако е испорачана преку курирска услуга која писмено ја потврдува испораката или пратена по пошта, потврдена или препорачана, со претходно платена поштарина, со повратница, адресирана до:

КИБС АД Скопје
К.Ј.Питу 1, 1000 Скопје, Македонија
URL: http://ca.kibs.com.mk
e-mail: ca-pravila@kibs.com.mk

Ваквата комуникација ќе биде со важност со нејзиниот прием.

## 14. Трговски имиња, лого-а

Поради овој Договор или неговото спроведување, Претплатникот и КИБС не стекнуваат права од било кој вид во било кое трговско име, заштитен знак, лого или назначување на продукт на другата договорна страна и нема да ги користи истите ако поинаку не е писмено овластена од страната која ги има сите права на трговско име, заштитен знак, лого или назначување на продукт.